**ПЛАНИРАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

**ПО СЛОБОДНИОТ ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**- ГЛАСОТ НА ТРАДИЦИЈАТА-**

**ЗА СЕДМО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2025/26**

**Наставник: Верица Неделкоска**



Програмата за слободниот изборен предмет **,,Гласот на традицијата"** е осмислена со цел да ги поврзи учениците со традицијата преку музика – да ги запознае со длабоките корени на македонскиот фолклор и да ги поттикне да го истражат, разберат и да го продолжат богатото музичко наследство на нашиот народ. Преку внимателно структурирани активности, учениците учат да слушаат, запишуваат, анализираат и интерпретираат народни песни, користејќи ја музичката писменост како алатка за продлабочено учење и творештво.

Фокусот е ставен на усвојување на народните мелодии по слух и ноти, истражување на потеклото, значење и варијанти, како и на создавање услови за современа интерпретација. Интегрирајќи го музичкото изведување со елементи од јазикот, историјата, обичаите и уметноста, програмата овозможува холистички пристап кон изучување на фолклорот.

Целта не е само музичка едукација, туку и создавање љубов, гордост и одговорност кон културното богатство. Преку активна изведба, креативни аранжмани и истражувачки проекти, учениците стануваат носители на живата традиција, со можност да ја прикажат и пренесат на современ начин. Програмата претставува простор каде што музичката писменост и народната уметност се среќаваат – со почит кон минатото и отвореност кон иднината.

*од авторката*

| Предмет: **Гласот на традицијата** | |
|---|---|
| Тема: **Фолклорот-срцето на нашето наследство** Број на часови: 12 | |
| Изготвил: м-р Павлинка Вељаноска | од ООУ: Гоце Делчев -Неготино |
| Адаптирале: Верица Неделкоска | од ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ - Скопје |

**Знаења/вештини:**
- Ги знае основните карактеристики на фолклорот и начинот на усно предание во различни области (литература, архитектура, ракотворби, занаети и сл.);
- Ги идентификува и ги класифицира народните песни според содржина, карактер, потекло и начин на изведба;
- Умее да мелографира едноставна народна песна;
- Може да дискутира за народните песни, нивното потекло и современите обработки;
- Создава сопствени критериуми за добри обработки и изведби на народни песни;
- Истражува за музичкиот фолклор и со тоа дознава за потеклото на народните песни;
- Има познавања за дигитални и медиумски ресурси на македонски народни песни;
- Умее да ги препознае сличностите и разликите меѓу фолклорот на својот народ и другите народи.

**Ставови/вредности:**
- Смета дека познавањето на музичкиот фолклор на својот народ е битна компонента за сопствениот идентитет;
- Подготвен/а е да учествува во активности со кои ќе ги прошири знаењата за музичкиот фолклор;
- Верува дека познавањето на музичкиот фолклор е битен сегмент од општата култура;
- Поддржува и учествува во тимски проекти во врска со музичкиот фолклор;
- Разбира дека познавањето на музичкиот фолклор може да го поврзе со други области и предмети (историја, географија, македонски јазик и сл.);
- Ги препознава и почитува различните културни традиции, како можност за учење, заемно разбирање и напредок;
- Смета дека народните песни се битен дел од културата на еден народ;
- Се залага за промоција на народните песни кај младите генерации и зачувување на фолклорната традиција на својот народ.

| **содржини (и поими)** | **Дата на реализација** | **Активности** | **средства** |
|---|---|---|---|
| • **Народни песни** (поделба на народните песни, начин на пеење, анализа на песни, варијанти на песни)<br>*број на часови: 4* | | •Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за фолклорот на еден народ - за начинот на создавање на делата-колективно создавање, за пренесувањето по пат на усно предание и др. Се изработува Грозд техника (занаети, архитектура, литература, ракотворби, обичаи, музички фолклор и др.). Музичкиот фолклор натаму се разгранува на песни, ора и инструменти. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат преку споделување на примери. **(1 час)**<br>• Наставникот презентира пет народни песни, различни по содржина и начин на изведба. Во изборот може да има различни примери (изворни народни песни од постар слој, старградски, новокомпонирани во народен дух, модерни новокомпонирани, преработки на народни песни со нови аранжмани и сл.). Учениците се делат во групи и секоја група анализира по еден пример а наставникот ги поттикнува на критичко размислување. Секоја група презентира и се развива заедничка дискусија за звучните примери. **(2 час)** | •уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>•аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>•едукативни дигитални |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Наставникот презентира неколку народни изворни песни. Се дискутира за начинот на пеење, содржина, темпо. Со помош на наставникот се изготвува презентација на народни песни според содржината (љубовни, песни од историското минато, печалбарски, хумористични, семејни, трудови и др.). Се слушаат звучни примери од секоја група или се наведуваат повеќе наслови**. (3 час)**<br>• Наставникот презентира неколку преработки на една народна песна. Учениците внимателно слушаат и ги забележуваат своите впечатоци од начинот на преработка. Наставникот ги поттикнува на дискусија, дали песните треба да останат во својата прва верзија или треба да се преработат од популарни пејачи за полесно да стигнат до младата популација. На кои начин треба народните песни да се приближат до младите? Дали е потребно институциите да водат поголема грижа за тоа? Дали нашето најголемо богатство-фолклорот изумира? Кои се критериумите за добра и лоша преработка на народна песна? **(4 час)**<br>*Забелешка: Покрај слушањето на звучни примери, дискусии, работа во групи, учениците се поттикнуваат да ги изведуваат народните песни применувајќи правилен пејачки став и вокална техника.* | материјали;<br>• интерактивна табла. |
| • **Запишување на народните песни** (мелографирање, дигитализација, збирки на песни)<br>*број на часови: 4* | | Наставникот прави избор на народна песна со едноставна ритмичка и мелодиска структура (пр. Ај да бегаме мори Васе). Ги насочува учениците да ја запишат со ноти (диктат). Потоа го објаснува начинот на запишување на текстот под нотите. Откако учениците ќе ја запишат, песната се пее со ноти и со текст. Потоа ги поттикнува учениците да го запишат нотниот текст во музичка програма за пишување на ноти. **(1-2 час)**<br>• Наставникот презентира мелографски записи од минатото. Презентира збирка на народни песни. Како литература, се препорачуваат осумте изданија на дигиталниот архив БузАр - Мелограмска колекција -Живко Фирфов.<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni8.pdf 8<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni7.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni7.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni6.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni5.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni4.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni3.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni2.pdf<br>http://buzar.mk/Books/ZFirfov_Melogramska_kolekcija_Pesni1.pdf<br><br>Исто така се препорачува видео збирката - Мултимедијален корпус на македонски народни песни на YouTube-каналот на архивот БузАр, каде се прикажани мелографирани песни со автентична изведба и изведба од помладите генерации. **(3-4 час)**<br>https://youtube.com/playlist?list=PLmhLnBvrmnEP1WIpq4S7gCZ1Zo67q9yJ2&si=2JehyJAvjBWl3iZ4<br><br>*Забелешка: Песните можат да се обработат по слух или со ноти. Изборот на песни може да варира во зависност од составот на групата ученици и развиеноста на внатрешниот слух,* | •уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>•аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>•едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *нивните гласовни и изведбени способности и сл.* | |
| • **Истражување за народните песни** (потекло, интервју, мелографирање, проект)<br>*број на часови: 4* | | Наставникот ги насочува учениците да истражуваат за песна од родниот крај. Се изработува проектен план, се делат улогите во тимот. Се истражува за потеклото на песната на различни начини (сочувани документи, литература, интервју и сл.). Учениците можат да снимаат различни изведби на песните од постарите и помладите генерации. Со помош на наставникот, учениците можат да ги мелографираат песните. Проектот се презентира пред учениците во училиштето или се изработува видео за проектот и се прикачува на веб страната на училиштето. **(1,2,3 и 4 час)** | •уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>•аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>•едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |

| Предмет: **Гласот на традицијата** | |
|---|---|
| Тема*:* **Татковината се сака со песна** Број на часови: 24 | |
| Изготвиле: м-р Павлинка Вељаноска | од ООУ: Гоце Делчев -Неготино |
| Адаптирале: Верица Неделкоска | од ООУ: Ј.Х.Песталоци |

**Знаења/вештини:**

• Умее да пее/свири народни песни по слух;
• Сфаќа дека музичката писменост има голема улога за зачувување и негување на музички фолклор;
• Применува изразни елементи од музичка писменост при изведба на народни песни;
• Може да ги идентификува елементите на музичко изразување во мелограмите (нотните записи) на народните песни;
• Умее да изведува народни песни по нотен текст со соодветен стилски музички израз ;
• Разбира како да ги поврзува знаењата од првата тема при изведба на народна песна;
• Сфаќа дека интерпретирањето на народна песна по нотен текст е повисоко ниво од изведба по слух;
• Применува дигитални вештини за снимање и промоција на народни песни и настани.

**Ставови/вредности:**

• Ја прифаќа важноста за проширување на знаењата од областа на фолклорот;
• Подготвен/а е да презема одговорност кон постигнување на заедничка цел (што поуспешна изведба), преку лично залагање и поттикнување на другите, бидејќи заедничкиот резултат зависи од вложениот труд на секој поединечно.
• Има критички став кон своите изведби, а со тоа и одговорност кон сопственото учење, со тоа градејќи способност на евалуација на естетската компонента во

народната музика;
• Верува дека пеењето и свирењето на народни песни е позитивен пример за афирмација и промоција на сопствениот народ и неговиот културен идентитет;
• Учествува во музички активности, поддржува организација и промоција на изведбите на јавни настани во училиштето и локалната средина;
• Разбира дека музичкиот талент кај учениците треба да се негува, развива и надградува, заради формирање здрава и целосна личност;
• Се залага за повеќе музички активности во училиштето заради развивање на подобра социјална кохезија и соживот.

| **содржини (и поими)** | **Дата на реализација** | **Активности** | **средства** |
|---|---|---|---|
| **• Обработка на народни песни по слух, со ноти и текст** ( ритмичка структура, рамноделни и нерамноделмни тактови, мелодија, придружба, музичка форма, аранжман, музички изразни средства, начини на вокална интерпретација) *број на часови: 20* | | • Наставникот им дава насоки на учениците за ресурси на народни песни (се препорачуваат осумте изданија на дигиталниот архив БузАр - Мелограмска колекција -Живко Фирфов и видеозбирката - Мултимедијален корпус на македонски народни песни на YouTube-каналот на архивот БузАр). Песните се обработуваат според вообичаена постапка за обработка на песна по слух или по ноти (анализа на ритмичка структура, рамноделни и нерамноделмни тактови, мелодија, музичка форма, музички изразни средства и сл.). Доколку има услови, пеењето се придружува со народни инструменти, а со помош на наставникот се подготвува аранжман. Се обрнува внимание на начинот на вокална интерпретација и правилен пејачки став. Наставникот ги поттикнува учениците да ги употребат стекнатите знаења од Музичка писменост при изведбата на песните (пеење со ноти, темпо, динамика, правилен пејачки став и сл.). **(20 часа со различни наслови на песни -прилагодено во сценарио според можностите на учениците)**<br><br>*Забелешка: Целта на оваа содржина е да се обработат поголем број на народни песни со што ќе се збогати репертоарот кај учениците и ќе се развие љубов и интерес кон македонскиот музички фолклор.* | •клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент;<br>-народни инструменти<br>•уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>•едукативни дигитални материјали;<br>•интерактивна табла. |
| **•Организирање на настан за интерпретација на народни песни** *број на часови: 4* | | • Наставникот ги поттикнува учениците да организираат проектна активност: музички настан на кој ќе ги исполнат научените песни. Учениците осмислуваат мото на настанот и програма, изготвуваат постери, осмислуваат начини на информирање на социјалните мрежи, изнаоѓање и организирање простор, снимање или медиумска покриеност и сл.<br>• Наставникот ги поттикнува и им дава насоки на учениците да изработат видеа од настанот и да ги постават во дигиталниот простор. **(4 часа- прилагодено сценарио според условите за работа)**<br><br>*Забелешка: Со реализација на оваа програма, во перспектива се создаваат услови за организирање натпревари за пеење на народни песни на општинско, регионално и државно ниво со можност за културна размена (интеркултурна соработка).* | • музички темпериран инструмент;<br>• уреди за репродукција на аудио- и<br>•аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>•едукативни дигитални материјали;<br>•интерактивна табла. |

# Тема 1

| содржини (и поими) | дата на реализација | Активности | средства |
|---|---|---|---|
| • **Народни песни** (поделба на народните песни, начин на пеење, анализа на песни, варијанти на песни)<br><br>*број на часови: 4* | | **Час 1: Фолклорот како огледало на народот**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>1. Наставникот иницира дискусија со прашањето: *Што претставува фолклорот и зошто е важен за еден народ?* Учениците даваат примери од семејната или локалната традиција.<br>    o Наставникот потоа води активност со **грозд техника**: на табла или дигитално се поставува зборот „Фолклор“ и околу него се разгрануваат поврзани аспекти (занаети, обичаи, архитектура, музика, литература итн.).<br>    o Од елементот „Музички фолклор“ се доразгрануваат: песни, ора, инструменти.<br><br>**Главни активности:**<br><br>2. Наставникот кратко објаснува поимите *колективно создавање, усно предание, варијанти* и ја поставува основата за разбирање на народните песни како жив и променлив израз.<br>3. Учениците во мали групи добиваат задача да издвојат еден елемент од фолклорот и да направат кратка вербална презентација со минимум еден музички или визуелен пример.<br>4. Наставникот води дискусија: *Дали фолклорот и денес се пренесува усно? Кои се современите „усни“ медиуми?*<br><br>**Завршна активност:**<br><br>5. Секој ученик избира еден пример на народна музика или фолклорен елемент кој го претставува најдобро неговото потекло/средина. | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>едукативни дигитални материјали;<br>интерактивна табла. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Рефлексија:**<br><br>• Што научивме денес за тоа како живее музиката низ генерации?<br>• Кој е мојот однос кон народната музика – слушам, изведувам , препознавам?<br><br>**Час 2: Народната песна на различни начини**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>1. Наставникот најавува: *Ќе слушаме пет народни песни со различен карактер и време на создавање.* Се истакнува дека анализата ќе опфати: тема, начин на изведба, темпо, хармонизација и сл.<br><br>**Главни активности:**<br><br>2. Учениците се делат во 5 групи. Секоја група добива звучен пример (на пр. изворна песна, староградска, новокомпонирана, современа преработка, обработена за хор).<br>3. Групите пополнуваат анализа по следни елементи:<br>    o Вид на песна<br>    o Тематика<br>    o Музички особености (мелодија, ритам, хармонија)<br>    o Начин на изведба<br>4. Секоја група презентира по 2–3 минути. Наставникот ги поттикнува на дополнителни прашања и споредби.<br><br>**Завршна активност:**<br><br>5. Наставникот иницира компаративна дискусија: *Како се разликуваат народните песни меѓу себе?*<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Кој тип на народна песна најмногу ме привлече и зошто?<br>• Дали може и ние да создадеме песна во сличен дух? | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Час 3: Песната како сведоштво**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>1. Наставникот поставува прашање: *Кои пораки пренесуваат народните песни?* Учениците спонтано наведуваат познати примери.<br><br>**Главни активности:**<br><br>2. Наставникот презентира звучни примери на народни песни со различни содржини: љубовни, печалбарски, хумористични, историски, семејни, трудови. По секој пример следи кратка дискусија.<br>3. Со помош на наставникот, учениците ги категоризираат песните во табела според содржина и функција.<br>4. Во парови, учениците добиваат задача да издвојат една песна од секоја група и да ја опишат со 3–5 реченици (карактер, порака, расположение).<br><br>**Завршна активност:**<br><br>5. Учениците ги презентираат своите избори и кратки описи.<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Која содржина на народни песни најмногу сакам да ја слушам<br>• Дали би можел да создадам песна во тој стил?<br><br>**Час 4: Помеѓу традицијата и модерното**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>1. Наставникот пушта неколку верзии на иста народна песна (изворна, обработка, поп верзија). Учениците запишуваат впечатоци во табела: ритам, израз, емоција, изведба.<br><br>**Главни активности:**<br><br>2. Се организира дебата: *Треба ли народните песни да се преработуваат или* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *да останат автентични?* Се разгледуваат аргументи за и против.<br>3. Учениците во групи ги разгледуваат критериумите за добра преработка. Секоја група изработува листа со 3 критериуми.<br>4. Се дискутира: *Како можеме ние да придонесеме за зачувување на народната песна?* Учениците предлагаат идеи (изведба, видео, објава, краток подкаст и сл.)<br><br>**Завршна активност:**<br><br>5. Секој ученик пишува краток одговор: *Што е за мене народна песна и како ќе ја зачувам?*<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Кој начин на обработка ми остави најголем впечаток?<br>• Што ме поттикна да размислувам за иднината на народната песна? | |

| содржини (и поими) | дата на реализација | Активности | средства |
|---|---|---|---|
| **• Запишување на народните песни** (мелографирање, дигитализација, збирки на песни)<br>*број на часови: 4* | | **Час 1: Слушам и запишувам – први чекори во мелографирањето**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>1. Наставникот го поставува прашањето: *Како би изгледало ако ниту една народна песна не беше никогаш запишана?*<br>2. Учениците размислуваат и дискутираат за важноста на нотирањето.<br><br>**Главни активности:**<br>3. Наставникот изведува (или пушта аудио) на песната **„Ај да бегаме мори Васе“**. Учениците ја слушаат неколкупати. | ▯уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>▯аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>▯едукативни дигитални |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 4. Со помош на наставникот, учениците ја нотираат мелодијата<br><br>5. Наставникот покажува како се поставува текстот под нотите<br><br>**Завршна активност:**<br>6. Учениците ја изведуваат песната со ноти и со текст.<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Како се чувствував додека ја запишував песната?<br>• Кои делови ми беа полесни, а кои потешки?<br><br>**Час 2: Од хартија до дигитален запис**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>1. Наставникот поставува прашање: *Што значи дигитализација на музиката? Дали нотацијата во софтвер е иста како на хартија?*<br><br>**Главни активности:**<br>2. Наставникот демонстрира користење на **MuseScore** (или слична програма), покажувајќи внесување на ноти, ритам, текст и репродукција.<br>3. Учениците самостојно го внесуваат нотниот запис од песната „Ај да бегаме мори Васе“, користејќи го софтверот.<br>4. Преглед и корекција на внесените податоци.<br><br>**Завршна активност:**<br>5. Учениците ги пуштаат своите верзии и ги споредуваат.<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Дали почувствував разлика кога ја видов песната дигитално?<br>• Како дигиталната алатка ми помогна во разбирањето на музиката?<br><br>**Час 3: Архивот што живее – средба со збирките на Фирфов** | материјали;<br> интерактивна табла. |

**Воведна активност:**

1. Наставникот најавува: *Ќе патуваме назад во времето – со помош на еден етномузиколог ќе го запознаеме македонскиот музички идентитет.*

**Главни активности:**
2. Наставникот објаснува кој бил **Живко Фирфов** и ги претставува збирките од **архивот БузАр**.
3. Учениците во парови добиваат линк до едно од изданијата (PDF). Треба да изберат песна, да прочитаат текстот и да го погледнат нотниот запис.
4. Дискусија: *Што забележавте во мелодијата, ритамот, текстот? Дали се разликува од современите песни?*
5. Се презентира краток видео-пример од YouTube плејлистата на БузАр – изворна и современа изведба.

**Завршна активност:**
6. Учениците изразуваат кои песни би сакале да ги научат и зошто.

**Рефлексија:**

- Како се чувствував додека ги прелистував збирките?
- Зошто е важно тие песни да се зачуваат?

**Час 4: Песната како жив документ**

**Воведна активност:**

1. Наставникот пушта иста народна песна во три различни верзии (изворна, оркестарска, поп/модерна). Учениците ги забележуваат разликите.

**Главни активности:**
2. Се прави **анализа по категории**:

- Темпо, ритам, инструментација, вокален стил, емоција.

3. Наставникот иницира дискусија:
    - *Кога адаптацијата збогатува, а кога ја губи суштината?*

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ○ *Кои песни би ги преработиле, а кои би ги оставиле во изворна форма?*<br>4. Учениците изработуваат мини-проект: избираат песна од збирката, ја внесуваат во MuseScore<br><br>**Завршна активност:**<br>5. Презентација на проектите и размислување за тоа *како да се оживее фолклорот во современиот контекст*.<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Што научив за вредноста на традицијата?<br>• Како би можел јас да бидам дел од зачувувањето на народните песни? | |

| содржини (и поими) | дата на реализ ација | Активности | средства |
|---|---|---|---|
| • **Истражување за народните песни** (потекло, интервју, мелографирање, проект)<br>*број на часови: 4* | | **Час 1: По потрага на една песна – вовед во проектот**<br><br>**Воведна активност**<br><br>1. Наставникот иницира разговор со прашањето: *„Која е последната народна песна што сте ја слушнале и дали знаете од каде потекнува?“*<br>Се води кратка дискусија за важноста на зачувувањето на народното музичко наследство и начинот на негово пренесување низ генерации.<br><br>**Главни активности**<br><br>2. Учениците добиваат задача да изберат народна песна од својот крај (поединечно или во мали тимови).<br>3. Наставникот презентира примери за проектен план: наслов на песната, можни извори (документи, сведоштва, интервјуа, литература, снимки), начини на | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>едукативни дигитални материјали;<br>интерактивна табла. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | презентирање (видео, постер, презентација).<br>4. Се дефинираат улогите во тимот: истражувач, новинар, мелограф, изведувач, техничка поддршка.<br>5. Учениците подготвуваат краток план за истражување.<br><br>**Завршна активност**<br><br>6. Тимовите ги презентираат своите планови и добиваат повратна информација од наставникот.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Учениците размислуваат: *„Што е најпредизвикувачко во оваа задача? Што сакам да дознаам за песната што ја избрав?“*<br><br>**Час 2: Теренска работа – собирање информации и интервјуа**<br><br>**Воведна активност**<br><br>1. Наставникот потсетува на методите за истражување (интервју, документирање, анализа на снимки). Кратка обука за формулирање прашања за интервју (на пр. со баба/дедо/локален музичар).<br><br>**Главни активности**<br><br>2. Учениците изведуваат интервјуа (може да се симулираат доколку нема услови за терен).<br>3. Забележуваат сѐ што дознале за потеклото, карактеристиките, темата и функцијата на песната.<br>4. Собраните информации се сублимираат во логичка рамка или временски редослед.<br><br>**Завршна активност**<br><br>5. Тимовите ги претставуваат своите клучни сознанија во кратка презентација пред класот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Рефлексија**<br><br>Учениците одговараат на прашањето: *„Што ме изненади или допре во кажувањата за народната песна?“*<br><br>**Час 3: Мелографирање и подготовка на финален производ**<br><br>**Воведна активност**<br><br>1. Се слуша аудио-запис од избраната песна или од слична песна. Наставникот ги поттикнува учениците да ја идентификуваат мелодијата, ритамот и фразите.<br><br>**Главни активности**<br><br>2. Учениците се обидуваат да ја мелографираат .Се користи петолиние или софтвер за нотно запишување.<br>3. Се работи на уредување на проектот (постер, презентација, видео-запис со изведба).<br>4. Наставникот дава насоки за визуелен изглед, текстуална точност и музичка изведба.<br><br>**Завршна активност**<br><br>5. Учениците го разгледуваат напредокот и прават список на последни задачи што треба да се довршат.<br><br>**Рефлексија**<br><br>*„Дали се чувствувам како некој што ја зачувал една песна од заборав?“*<br><br>**Час 4: Презентација и промоција на истражувачкиот проект**<br><br>**Воведна активност**<br><br>1. Кратка подготовка за презентација: каков редослед, кој ќе зборува, како ќе се изведе песната. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Главни активности**<br><br>2. Секоја група го презентира својот проект:<br>    o потекло на песната<br>    o аудио/видео материјали<br>    o нотен запис (доколку е изготвен)<br>    o анализи, впечатоци и заклучоци<br>3. Презентацијата може да биде јавна (пред паралелки, наставници или родители).<br><br>**Завршна активност**<br><br>4. Се организира мала изложба или дигитална галерија со постери/видеа/записи.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Учениците одговараат на прашањата:<br>*„Како истражувањето ме направи поблиску до традицијата на мојот крај?“*<br>*„Дали оваа песна ќе ја пренесам на некој помлад член од моето семејство?“* | |

# Тема 2

<table>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>дата на реализациј а</th><th>Активности</th><th>средства</th></tr>
<tr><td>• Обработка на народни песни по слух, со ноти и текст<br>( ритмичка структура, рамноделни и нерамноделмни тактови, мелодија, придружба, музичка форма, аранжман, музички изразни средства, начини на вокална интерпретација)<br>број на часови: 20</td><td></td><td>Забелешка:<br>Во текот на овие 20 часа ќе се обработуваат повеќе народни песни од македонската музичка традиција. Секој час ќе се фокусира на различна песна или на различни аспекти од истата песна, според музичките, вокалните и изразните можности на учениците. Песните можат да се обработуваат по слух или со нотен текст, во зависност од условите и наставната динамика. Притоа, секој час вклучува анализа, вокална интерпретација и изведба со можност за инструментална придружба или аранжман. Се користи исто сценарио со различен наслов на песната која се обработува.<br>Сценарио за час: Обработка на народна песна (20 часа)<br>Воведна активност<br>• Наставникот потсетува на претходно обработените песни и поттикнува дискусија:<br>o Што паметите од последната песна што ја учевме? Каков беше карактерот?<br>• Учениците ги споделуваат своите впечатоци.<br>• Наставникот го објавува насловот на денешната песна и кратко ја опишува нејзината содржина, потекло, жанр (љубовна, трудова, печалбарска и сл.), и стил (изворна, староградска, преработена и сл.).<br>• Кратко слушање на аудио-запис на целата песна за стекнување прв</td><td>уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>едукативни дигитални материјали;<br> интерактивна табла.</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | впечаток.<br><br>**Главни активности**<br><br>1. **Анализа на песната**<br>○ Учениците ја слушаат песната уште еднаш и заедно со наставникот:<br>▪ го определуваат тактот (рамноделен или нерамноделен),<br>▪ ја одредуваат ритмичката структура,<br>▪ ги идентификуваат музичката форма (А–А1, А–Б, рондо и сл.),<br>▪ ја анализираат мелодијата (движење, скала, интервали),<br>▪ забележуваат изразни средства (динамика, акценти, фразирање).<br>2. **Вокална интерпретација**<br>○ Наставникот демонстрира изведба со нагласување на вокалната техника, артикулација и правилен пејачки став.<br>○ Учениците ја изведуваат песната по фрази или строфи со акцент на интонација и израз.<br>○ Во зависност од условите, учениците вежбаат и со нотен запис (пеење со ноти).<br>3. **Придружба и аранжман**<br>○ Доколку има услови, учениците се организираат во мали групи и експериментираат со придружба на ритмички или мелодиски инструменти.<br>○ Се договара основен аранжман (инструментална поддршка, два гласа и сл.).<br>○ Наставникот ги поттикнува учениците да предложат варијации или интерпретации (на пр. со различно темпо или динамика).<br><br>**Завршна активност** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Повторна изведба на целата песна (со или без придружба).<br>• Учениците можат да ја изведат во мали групи, во форма на презентација.<br>• Наставникот дава кратка повратна информација за интерпретацијата.<br><br>**Рефлексија**<br><br>• Учениците одговараат на прашања:<br>  ○ *Што научив денес од оваа песна?*<br>  ○ *Кој дел ми беше најинтересен?*<br>  ○ *Како се разликува оваа песна од претходно обработените?*<br>• Учениците ја оценуваат својата<br>• Дискусија: *Зошто е важно да ги пееме народните песни?* | |

| содржини (и поими) | дата на реализација | Активности | средства |
|---|---|---|---|
| •**Организирање на настан за интерпретација на народни песни**<br><br>*број на часови: 4* | | **Час 1 (Планирање на настанот)**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>• Наставникот поттикнува дискусија:<br>  ○ *Што е потребно за да се организира еден музички настан? Кој се учествува во подготовките?*<br>• Учениците размислуваат за целта на настанот и каква порака ќе пренесуваат преку него.<br><br>**Главни активности:** | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>едукативни дигитални материјали;<br>интерактивна табла. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | <ul><li>Учениците предлагаат **мото на настанот** (на пр. „Со песна го чуваме коренот“).</li><li>Се формираат **работни тимови**:<ol><li>**Музички тим** – избор на репертоар, подготовки за изведба, проби.</li><li>**Креативен тим** – изработка на постери, сценографија, костими (доколку се потребни).</li><li>**Медиумски тим** – комуникација со публика, покани, најави, објава на социјални мрежи.</li><li>**Технички тим** – организација на простор, озвучување, снимање, документација.</li></ol></li></ul>**Завршна активност:**<ul><li>Секој тим подготвува краток план за својата работа.</li></ul>**Рефлексија:**<ul><li>Учениците размислуваат: *Што е најважно за успехот на еден јавен настап?*</li></ul>**Час 2 (Подготовка на содржини)**<br><br>**Воведна активност:**<ul><li>Потсетување на досегашните подготовки. Краток извештај од секој тим.</li></ul>**Главни активности:**<ul><li>**Музички тим:** проба на репертоарот; консултација со наставникот за финални забелешки.</li><li>**Креативен тим:** креирање на дигитални и печатени материјали (Genially, Canva, PowerPoint).</li></ul> | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • **Медиумски тим:** составување објава за социјални мрежи, планирање на промоција.<br>• **Технички тим:** посета на просторот за настап, разгледување на технички услови.<br><br>**Завршна активност:**<br><br>• Кратка презентација од секој тим – што сработиле и што им преостанува.<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• *Како се чувствувам како дел од тимот? Дали добро си ги поделивме улогите?*<br><br>**Час 3 (Генерална проба и техничка координација)**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>• Наставникот потсетува на текот на настанот (времетраење, редослед, публика).<br><br>**Главни активности:**<br><br>• **Целосна проба со изведба на песни** во вистинскиот простор.<br>• Проверка на озвучување, сценографија, распоред на изведувачи.<br>• Финални подготовки за постерите, онлајн објавите и поканите.<br><br>**Завршна активност:** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Преглед на целата програма, со евентуални корекции.<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• *Дали сум подготвен/а за јавен настап? Што треба уште да усовршиме?*<br><br><br>**Час 4 (Изведба и евалуација)**<br><br>**Воведна активност:**<br><br>• Финална мотивација од наставникот – *„Денес го славиме фолклорот со песна и гордост."*<br><br>**Главни активности:**<br><br>• **Настан – јавна изведба** на избраните народни песни.<br>• Настанот се документира (фото/видео), тимот за медиуми поставува содржини на интернет (со согласност).<br><br>**Завршна активност:**<br><br>• Учениците ја завршуваат изведбата со заедничка песна или симболична порака (мото).<br><br>**Рефлексија:**<br><br>• Условно по завршување на настанот – со евалуациски прашалник, групна дискусија:<br>    ○ *Што беше најуспешно? Што би промениле следниот пат? Какво значење има за нас фолклорот?* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Насоки за наставникот:**<br><br>• Да овозможи демократски процес при изборот на репертоар и концепт на настанот.<br>• Да ги поддржи сите ученички идеи и да помогне во логистиката (добиени дозволи, простор, техничка поддршка).<br>• Да обезбеди основни ресурси (озвучување, музички инструменти, дигитални алатки).<br>• Да го следи текот на подготовките и да интервенира каде што е потребна координација.<br>• Да ги поттикнува учениците за одговорност, самостојност и тимска соработка.<br><br>**Насоки за учениците:**<br><br>• Да преземат конкретни улоги во подготовката на настанот.<br>• Да се подготват сериозно за својата изведба – текст, техника, израз.<br>• Да бидат креативни и да ги почитуваат културните вредности на народната песна.<br>• Да учат како да организираат културен настан и да работат со публика.<br>• Да бидат горди што преку музиката ги претставуваат традициите на својот народ. | |